МАКЕДОНИЈА

# Таткото е вмешан во грабнувањето на 14-годишнината Вања Ѓорчевска која беше пронајдена мртва

**Ова утринава на прес-конференција го потврди министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје, Гаврил Бубевски.**




Прегледи:
7348

Објавил:

Мирјана Мирчевска Јовановиќ
04 декември 2023, 11:29

Сподели
Сподели

Според нив станува збор за 5 ца осомничени, еден од нив е во бегство. Најавија дека ќе се издаде меѓународна потерница за лицето кое е во бегство за кого се знае дека избегал во Србија со неговиот адвокат. Исто така информираа и за пронајденото тело на 74-годишниот Панче Жежовски во околината на Велес, кој бил убиен за 500 евра долг. Пресот го следеше Мирјана Мирчевска – Јовановиќ, целосниот извештај погледнете го во видеото.

Такото е вмешан во грабнувањето на 14-годишнината Вања Ѓорчевска која беше пронајдена мртва во близина на Скопје.




ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ

Топката со која Брајант постигна 61 поени продадена за 66.000 долари
22:43

Украина соопшти дека нападнала нафтена постројка во градот Луганск, окупиран од Русија
22:32

Фото: Тато Здравко воодушевен од питата на ќерката Уна
22:19

Тер Штеген неизвесен за ЕУРО2024
22:10

ЗАБАВА

# Топката со која Брајант постигна 61 поени продадена за 66.000 долари

**Топката со која легендарниот американски кошаркар Коби Брајант постигна 61 поени против Њујорк во 2009 година е продадена на аукција за 66.152 долари.**



Прегледи:
0

Објавил:
04 декември 2023, 22:43

Сподели
Сподели

Натпреварот се одигра на 2 февруари 2009 година во њујоршкиот „Медисон сквер гарден‘, а Брајант го предводеше Лос Анџелес лејкерс до триумф од 126-117.

Брајант со постигнатите 61 поени го собори рекордот што на истото место го постигна Мајкл Џордан (55 поени), а во 2014 година Кармело Ентони успеа да постигне еден кош повеќе од Брајант.

Коби Брајант загина во хеликоптерска несреќа во јануари 2020 на 41-годишна возраст.

Во февруари оваа година дрес на кошаркарската легенда Брајант беше продаден на аукција за 5.8 милиони долари.

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ

Топката со која Брајант постигна 61 поени продадена за 66.000 долари
22:43

Украина соопшти дека нападнала нафтена постројка во градот Луганск, окупиран од Русија
22:32

Фото: Тато Здравко воодушевен од питата на ќерката Уна
22:19

Тер Штеген неизвесен за ЕУРО2024
22:10

СВЕТ

# Украина соопшти дека нападнала нафтена постројка во градот Луганск, окупиран од Русија

**Украинската армија денеска соопшти дека еден ден претходно нападнала нафтени бази во украинскиот град Луганск, кој е под руска контрола.**



Прегледи:
1255

Објавил:
04 декември 2023, 22:32

Сподели
Сподели

Украинските сили извршија „успешен удар", напиша на Телеграм Одделот за стратешки комуникации на вооружените сили на Украина, без да бидат наведени повеќе детали.

Претходно денеска руски медиуми објавија дека украински војници со беспилотни летала нападнале нафтена база во областа. Според информациите на властите назначени од Русија, по нападот во областа избувнал пожар, но тој бил изгаснат.

Украинската новинска агенција Укринформ јави дека безбедносните служби на Украина уништиле магацин за муниција и оклопни возила во близина на градот Сватов во областа Луганск.

Бидете информирани следете не на Facebook

ШОУ БИЗ

# Фото: Тато Здравко воодушевен од питата на ќерката Уна

**Големата балканска музичка ѕвезда Здравко Чолиќ неодамна ја коментираше својата 22-годишна ќерка Уна и ги насмеа луѓето со коментар за нејзините кулинарски способности.**



Прегледи:
3618

Објавил:
04 декември 2023, 22:19

Сподели
Сподели

Постарата ќерка на мегапопуларниот пејач, убавата Уна нормално го привлекува вниманието на социјалните мрежи со свои модни изданија, а неодамна објави и фотографија, на која во преден план е пита во рерна која таа ја подготвува.

- Колку мислиш дека ти пречи што многу се пишува за твоите деца? Уна е многу интересна за медиумите? – го праша Чолиќ новинарот на една српска телевизија.




- Не им можам ништо. Таму ставаат разни слики - одговори Здравко.

Новинарот потоа забележала дека Уна се пофалила дека одлично и е во кујната, објавувајќи слика од пита од рерната.

- Ја видов. Не сум баш сигурен, но добро. Во секој случај може да помогне - низ насмевка изјавил мегапопуларниот Чолиќ.

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER

Е-маил

Претплати се



Преземање на авторски текстови и видеа без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ е кривично дело. Преземање на авторски текстови и видеа со ставање хиперлинк до содржината на сајтот на Канал 5 ТВ без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ исто така е кривично дело. Непочитување на авторските и сродни права е казниво со закон.